**20160421100**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 14 став (4), член 26 став (4), член 34 став (3), член 36 став (2), член 37 став (6), член 38 став (5), член 43 став (9), член 46, член 47 став (2), член 48 став (4), член 49 став (2), член 52 став (7), член 53 став (11) и член 63 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за спроведување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 65/99, 17/00, 28/00, 66/00, 29/03, 90/05, 106/06 и 142/15) во членот 18 ставот (4) се менува и гласи:

„Доколку даночниот обврзник издава фактури исти по вид кон голем број на примателите на истите, даночниот орган може на негово барање да му одобри, наместо потпис на овластеното лице за потпишување на фактури кај издавачот на фактурата да употреби факсимил на потписот на овластеното лице за потпишување на фактури кај издавачот на фактурата. Во факсимилот освен потписот може да биде содржано и името и презимето на овластеното лице за потпишување на фактурите кај издавачот на фактурата.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-1435/1
25 февруари 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.